## ОСИГУРИТЕЛНИОТ ПАЗАР ВО ТРЕТИОТ КВАРТАЛ НА 2011

Заклучно со третиот квартал од 2011 година друштвата за осигурување во Република Македонија полисирале бруто премија во вкупен износ од 5,16 милијарди денари, од кои 306,5 милиони денари (5,94%) произлегуваат од осигурување на живот, додека пак 4,86 милијарди денари (94,06%) од неживотно осигурување. Во споредба со истиот период од минатата година, бруто полисираната премија бележи пораст кај двете групи на осигурувања. Кај неживотното осигурување е забележан пораст од 8,61%, додека пак порастот на премијата за осигурување на живот е поголем и изнесува 33,03%. Порастот на бруто премијата збирно за двете групи на осигурувања изнесува 9,81%.

Анализирано по класи на осигурување, во групата на неживотно осигурување, покажува дека најголем апсолутен пораст на бруто премијата заклучно со третиот квартал од 2011 година во споредба со истиот период од минатата година е забележан кај осигурувањето од автомобилска одговорност, или 180,7 милиони денари (7,98%), потоа кај осигурувањата на имот, пораст на премијата во износ од 171,7 милиони денари, или 38,12% (класа 8 и 9), и пораст на премијата кај осигурувањата на воздухоплови (каско и одговорност) во износ од 71,3 милиони (234,03%). Од друга страна, намалување, како во апсолутен износ така и релативно е забележано кај осигурувањето од последици на несреќен случај – незгода (намалување за 31,1 милиони денари т.е. пад од 6,85%), кај осигурувањето на моторни возила (каско) во износ од 10,2 милиони т.е. пад од 1,73% и кај останатите осигурувања од одговорност (намалување за 14,3 милиони денари т.е. пад од 13,4%). Порастот на бруто премиите кај осигурувањето на живот изнесува 76,099 милиони денари (33,03%).

Табела 1. БПП во Q3/2011 во споредба со Q3/2010 (000 МКД)

| | | Q3 2011 | структура | Q3 2010 | структура | Q3 11/10 | апсолутна разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Незгода | 422.749 | 8,19% | 453.856 | 9,65% | -6,85% | -31.107 |
| 2 | Здравствено осигурување | 4.352 | 0,08% | 14.148 | 0,30% | -69,24% | -9.796 |
| 3 | Моторни возила (каско) | 584.285 | 11,32% | 594.553 | 12,64% | -1,73% | -10.268 |
| 4 | Шински возила (каско) | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% | | 0 |
| 5 | Воздухоплови (каско) | 101.816 | 1,97% | 30.481 | 0,65% | 234,03% | 71.335 |
| 6 | Пловни објекти (каско) | 360 | 0,01% | 863 | 0,02% | -58,29% | -503 |
| 7 | Стока во превоз (карго) | 58.167 | 1,13% | 53.313 | 1,13% | 9,10% | 4.854 |
| 8 | Имот (пожар и природни непогоди) | 367.251 | 7,11% | 387.950 | 8,25% | -5,34% | -20.699 |
| 9 | Имот, останати | 635.483 | 12,31% | 442.996 | 9,42% | 43,45% | 192.487 |
| 10 | Моторни возила, одговорност | 2.444.962 | 47,35% | 2.264.225 | 48,15% | 7,98% | 180.737 |
| 11 | Воздухоплови одговорност | 23.922 | 0,46% | 8.582 | 0,18% | 178,75% | 15.340 |
| 12 | Пловни објекти, одговорност | 1.555 | 0,03% | 1.426 | 0,03% | 9,05% | 129 |
| 13 | Општа одговорност | 92.472 | 1,79% | 106.825 | 2,27% | -13,44% | -14.353 |
| 14 | Кредити | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% | | 0 |
| 15 | Гаранции | 165 | 0,00% | 415 | 0,01% | -60,24% | -250 |
| 16 | Финансиски загуби | 2.896 | 0,06% | 1.641 | 0,03% | 76,48% | 1.255 |
| 17 | Правна заштита | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% | | 0 |
| 18 | Туристичка помош | 116.388 | 2,25% | 110.555 | 2,35% | 5,28% | 5.833 |
| | Вкупно неживот | 4.856.823 | 94,06% | 4.471.829 | 95,10% | 8,61% | 384.994 |
| 19 | Осигурување на живот | 306.518 | 5,94% | 230.419 | 4,90% | 33,03% | 76.099 |
| | ВКУПНО | 5.163.341 | 100,00% | 4.702.248 | 100,00% | 9,81% | 461.093 |

Извор: Статистички извештаи, АСО 2011

Табела 1а. Структура на БПП во Q3/2011 во споредба со Q3/2010 (000 МКД)

| | *H1/2011* | *во %* | *H1/2010* | *во %* |
|---|---|---|---|---|
| **неживот** | 4.856.823 | **94,06%** | 4.471.829 | **95,10%** |
| **живот** | 208.931 | **6,28%** | 158.327 | **5,12%** |
| **Вкупно** | 3.324.410 | | 3.089.597 | |

Извор: Статистички извештаи, АСО 2011

Заклучно со третиот квартал од 2011 година друштвата за осигурување исплатиле бруто штети и осигурени суми, збирно за неживот и живот, износ од 2,11 милијарди денари, односно се забележува пораст од 6,38% споредено со истиот период од претходната година. Во однос на полисираната бруто премија коефициентот штети/премија во првите три квартали од 2011 година изнесува 40,96%, додека пак за истиот период од претходната година овој коефициент изнесувал 42,28%.

Друштвата за неживотно осигурување заклучно со третиот квартал од 2011 година исплатиле бруто штети во износ од 2,09 милијарди денари, односно за 121,7 милиони денари повеќе во однос на истиот период од претходната година (пораст од 6,17%). Од друга страна, друштвата за осигурување на живот исплатиле бруто штети во износ од 18,9 милион денари што е за 4,9 милиони денари повеќе во однос на истиот период од претходната година (пораст од 35,74%).

Табела 2. Структура на исплатени штети во Q3/2011 во споредба со Q3/2010 (000 МКД)

| **Друштво** | **Q3 2011** | **структура** | **Q3 2010** | **структура** | **Q3 11/10** | **апсолутна разлика** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **КЈУБИ Македонија** | 307.762 | 14,55% | 327.750 | 16,48% | -6,10% | -19.988 |
| **Триглав** | 571.092 | 27,00% | 564.819 | 28,41% | 1,11% | 6.273 |
| **Сава** | 335.298 | 15,85% | 271.147 | 13,64% | 23,66% | 64.151 |
| **Евроинс** | 139.751 | 6,61% | 124.356 | 6,25% | 12,38% | 15.395 |
| **Еуролинк** | 179.870 | 8,50% | 171.044 | 8,60% | 5,16% | 8.826 |
| **Винер** | 142.588 | 6,74% | 127.060 | 6,39% | 12,22% | 15.528 |
| **Осигурителна полиса** | 161.547 | 7,64% | 175.461 | 8,82% | -7,93% | -13.914 |
| **Албсиг** | 67.702 | 3,20% | 53.896 | 2,71% | 25,62% | 13.806 |
| **Кроација неживот** | 36.215 | 1,71% | 13.476 | 0,68% | 168,74% | 22.739 |
| **Инсиг** | 46.922 | 2,22% | 39.602 | 1,99% | 18,48% | 7.320 |
| **Уника** | 107.349 | 5,08% | 105.712 | 5,32% | 1,55% | 1.637 |
| **Кроација живот** | 5.134 | 0,24% | 8.875 | 0,45% | -42,15% | -3.741 |
| **Граве** | 13.838 | 0,65% | 5.102 | 0,26% | 171,23% | 8.736 |
| **Вкупно** | 2.115.068 | 100,00% | 1.988.300 | 100,00% | 6,38% | 126.768 |

Извор: Статистички извештаи, АСО 2011

Во делот на подзаконската регулатива, Агенцијата во третиот квартал на 2011 година донесе 3 нови подзаконски акти.

Табела 3.  Донесени подзаконски акти во третиот квартал на 2011 година

| | |
|---|---|
| 1 | Правилник за потребната документација за добивање дозвола за вршење на осигурително брокерски работи |
| 2 | Правилник за начинот за спроведување на стручниот испит за добивање на дозвола за работа како овластен актуар |
| 3 | Правилник за потребната документација за добивање дозвола за работа како овластен актуар |

Во истиот период се издадени 2 две дозволи и тоа:  Дозвола за вршење осигурително брокерски работи на ОБД СУПЕР БРОКЕР и Дозвола за вршење осигурително брокерски работи на ОБД АМГ ПРЕМИУМ. Исто така, Агенцијата издаде 6 согласности.

Во третиот квартал редовно се спроведува одобрениот план за теренска супервизија.

Заклучно со наведениот период АСО има донесено 20 мерки на супервизија, и тоа:

- **14** наредби за отстранување на незаконитости (9 од вонтеренска супервизија и 5 од теренска супервизија); и
- **6** дополнителни мерки од вонтеренска супервизија.

Комисијата за посредување при АСО заклучно со третиот квартал постигна 14 спогодби, и тоа:

- **6** спогодби за отстранување на последици од прекршок; и
- **8** спогодби за плаќање на глоба.

Заклучно со третиот квартал во АСО се поднесени 41 претставка, и тоа:

- **41** решена претставка (**16** позитивно и **15** негативно),
- **2** во процес на решавање, и
- **8** без основ за постапување, односно со непотполна документација.